ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА
# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ
# ЗА 2017 ГОДИНА НА
# МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА
**(сметка на основен буџет 631)**

01 2018 03 02/2

**Скопје, мај 2019**

# С О Д Р Ж И Н А


| Опис | Страна |
|---|---|
| КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР | 1 - 6 |
| Финансиски извештаи за 2017 и 2016 | |
| Биланс на приходи и расходи | 7 |
| Биланс на состојба | 8 |
| Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи | |
| - Вовед | 9 |
| - Сметководствени политики | 9 - 12 |
| - Образложенија кон финансиските извештаи | 12 - 15 |
| Прилози | |
| Прилог 1 - Спроведени препораки по конечен извештај на ОДР за финансиските извештаи за 2013 година | |
| Прилог 2 | |

Палата „Емануел Чучков“
ул. Јордан Мијалков
П.Фах 249
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: +389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

ДЗР
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

**Број:10-229/11**

**Дата:** 06.05.2019

**ДО**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА**
**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

**Резиме**

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи на Министерство за одбрана (во натамошен текст Министерството) на сметката за основниот буџет (631) за 2017 година, заедно со ревизија на усогласеност.

Со извршената ревизија за 2017 година изразивме поволно мислење за вистинито и објективно прикажување на финансиските извештаи и мислење со резерва за усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставените политики.

Вршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи на Министерството за 2013 година. Изразено е поволно мислење за вистинитоста и објективноста на финансискиот извештај Биланс на приходи и расходи, додека за усогласеноста со законска регулатива, упатства и воспоставени политики изразивме неповолно мислење.

Со ревизијата на преземените мерки по дадените препораки од извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Министерството за 2013 година, констатиравме дека од дадените три препораки спроведени се две, додека за една препорака мерките за спроведување се во тек.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи на Министерството за одбрана за 2017 година утврдивме мала реализација на Буџетот за 2017 година како и искористување на средствата за други намени во однос на оние за кои биле планирани.

Со цел надминување на утврдените состојби, ревизијата даде препораки за преземање соодветни мерки и активности.

Од страна на одговорното лице на субјектот не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

**Вовед**

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страните 7 и 8 заедно со ревизија на усогласеност на сметката на основниот буџет (631) на Министерство за одбрана на Република Северна Македонија, кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за 2017 година, преглед на промени на извори на капиталните средства и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи за 2013 година на Министерство за одбрана и изразивме мислење без резерва за финансиските извештаи, додека за усогласеноста со законска регулатива, упатства и воспоставени политики изразивме негативно мислење.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај, се одговорност на раководството на Министерството за одбрана застапувано од:
- д-р Зоран Јолевски, министер до 30.05.2017 година и
- м-р Радмила Шекеринска Јанковска, министер од 31.05.2017 година.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1., врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски

доказ за тоа дали приходите и трошоците се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 21.08.2018 до 14.12.2018 година од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година – спроведување на препораките

Ревизијата од точка 1.1. погоре опфати ревизија на спроведување на препораките дадени во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор број 09-219/13 од 11.12.2014 година. Утврдивме дека од дадените три препораки спроведени се две, а за една препорака мерките за спроведување се во тек (Прилог 1).

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на Министерство за одбрана–предмет на ревизија, одржан на ден 18 јануари 2019 година.

Од страна на одговорното лице на субјектот не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

Констатирани се следните состојби:

### 4.1. Користење на средствата согласно законски прописи

4.1.1. Со Буџетот и извршениот ребаланс за 2017 година, за сметката на основен буџет 631 на Министерството планирани се расходи во износ од 110.000 илјади денари. Со анализа на извршувањето на буџетот и документацијата врз основа на која се проценети расходите, ги утврдивме следниве состојби:

- Направени се расходи во износ од 63.232 илјади денари или остварена е реализација на буџетот од 57% што претставува ниско искористување на одобрените средства;
- Обврските за данок од добивка и ДДВ се исплатени од ставките за Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт, Поправки и тековно одржување и Други градежни објекти, без да се изврши пренамена на средствата на соодветната ставка, што не е во согласност со член 33 од Законот за буџетите каде е предвидено дека буџетските корисници, во тековната фискална година можат да вршат прераспределба во рамки на одобрените буџети, по дадено одобрување од Министерството за финансии (Прилог 2);
- Од средствата на оваа сметка исплатени се 492 илјади денари за подмирување на обврски кон добавувачите кои обезбедуваат добра и услуги за потребите на угостителските објекти на Министерството, од каде остварува приходи од вршење дејност-угостителство.

Ваквиот начин на извршување на расходите на министерството упатува на користење на средства за намени за кои не е обезбеден доволен износ на средства на соодветни ставки во буџетот на министерството.

**Препорака**

Одговорните лица во Министерството да преземат мерки и активности за соодветно планирање на пооделните видови расходи согласно реалните потреби на Министерството, а прераспределбата на средствата во рамки на одобрениот буџет да се врши по дадено одобрување од Министерството за финансии.

**Вкупни ефекти од наодите**

Вкупен ефект од изнесените наоди во точка 4.1. е користење на средствата за намени за кои не се предвидени средства со Буџетот за 2017 година.

## 5. Ревизорско мислење

**Мислење за финансиски извештаи**

Според наше мислење, финансиските извештаи ги претставуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на сметката на основен буџет 631-15 на Министерство за одбрана на ден 31 декември 2017 година како и резултатите од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, со исклучок на ефектот на прашањата изнесени во точката 4.1., финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи на Министерство за одбрана, во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Останати прашања

6.1. Во однос на обврските за данок од добивка на Буџетите и буџетските корисници кои произлегуваат од Законот за данок на добивка, укажуваме на следното:

Во рамките на работењето на сметките, буџетските корисници начелно пресметуваат и плаќаат данок на добивка за остварените приходи од вршење на стопанска дејност. Оваа обврска во Законот за данок на добивка за буџетските корисници кои вршат стопанска дејност прецизно не е пропишана. Имено во член 4 од Законот за данок на добивка[1], е уредено .....*„обврзник на данок на добивка е правно лице резидент на Република Македонија кој остварува добивка од вршење на дејност во земјата и странство*“.......

На 31.12.2018 година направена е измена на Законот за данок на добивка објавена

[1] „Службен весник на Република Македонија“ бр. 112/14,129/15,23/16 и 190/16

во Службен весник број 248, со која додаден е нов член 4 –а, кој во став 1 пропишува: *... „Здруженијата на граѓани, фондациите, сојузите, како и секој организационен облик на странска организација, како и друга форма на здружување, регистрирани согласно Законот за здруженија и фондации не се обрзници на данок на добивка. Во став 2 од истиот член е пропишано како неоданочиви приходи за организациите од ставот 1 на овој член меѓу останатото и „...приходи од Буџетот на Републиката, буџетите на ЕЛС и Буџетот на град Скопје врз основа на претходно изготвени програми (проекти) одобрени од Владата на РМ ...“*

Со годишната сметка за 2016 година Министерството има остварено Вишок на приходи над расходи, односно неискористени парични средства во износ од 83.858 илјади денари, кои се пренесени за користење во наредната година и за што во 2017 година исплатен е данок на добивка во вкупен износ од 14.591 илјади денари и тоа:

- 6.995 илјади денари - данок на добивка по годишна сметка за 2016 година и
- 7.596 илјади денари - аконтации во 2017 година.

Во 2018 година со годишната сметка за 2017 година, Министерството има остварено Вишок на приходи над расходи, односно неискористени средства во износ од 80.152 илјади денари, за кои во 2018 година по годишната сметка за 2017 година по основ на данок на добивка платен е износ од 423 илјади денари.

Горенаведеното укажува дека се плаќа данок на добивка на истите парични средства последователно неколку години. Паричните средства на крајот на годината кај буџетските корисници имаат третман на вишок на приходи над расходи и согласно паричното начело на искажување кога се пренесуваат наредната година истите се класифицираат како приход – Трансфери од други нивоа на власт, иако не претставуваат приходи од вршење на стопанска дејност.

Поради претходно наведеното ревизијата е на мислење дека е потребно доуредување на Законот за данокот на добивка во делот на даночните обврзници и даночната основа за плаќање на данок на добивка за буџетските корисници.

**Министерство за одбрана**

**Сметка на основен буџет (631)**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2017 година**

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | **во 000 денари** |
| **Опис на позицијата** | **Образло жение** | **2017** | **2016** |
| **Приходи** | **3.1** | | |
| Неданочни приходи | 3.1.1 | 59,526 | 106,715 |
| Трансфери и донации | 3.1.2 | 83,858 | 17,136 |
| **Вкупно приходи** | | **143,384** | **124,139** |
| | | | |
| **Расходи** | **3.2** | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Стоки и услуги | 3.2.1 | 45,536 | 20,955 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.2 | 15,744 | 19,326 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **61,280** | **40,281** |
| | | | |
| **Капитални расходи** | **3.3** | | |
| Капитални расходи | 3.3.1 | 1,952 | 0 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **1,952** | **0** |
| | | | |
| **Вкупно расходи** | | **63,232** | **40,281** |
| | | | |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | | **80,152** | **83,858** |

**Министерство за одбрана**

**Сметка на основен буџет (631)**

БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | **во 000 денари** |
| **Опис на позицијата** | **Образло-жение** | **2017** | **2016** |
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | **4.1** | | |
| Парични средства | 4.1.1 | 80,156 | 83,966 |
| Побарувања | 4.1.2 | 11,039 | 7,552 |
| Побарувања од вработените | 4.1.3 | 118 | 26 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.4 | 136,478 | 138,989 |
| **Вкупно тековни средства** | | **227,791** | **230,533** |
| **Вкупна актива** | | **227,791** | **230,533** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | **4.2** | | |
| Обврски спрема државата и други институции | 4.2.1 | 539 | 361 |
| Обврски за даноци и придонеси од добивката | 4.2.2 | 423 | 6,995 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.3 | 226,829 | 223,070 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **227,791** | **230,533** |
| **Вкупна пасива** | | **227,791** | **230,533** |